Врз основа на член 17 став 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (“Службен весник на Република Македонија” бр.10/97) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.38/90 и 63/94), Владата донесе

# **У Р Е Д Б А**
## **за начинот и постапката за издавање на лиценци односно одобренија за приредување на игри на среќа**

(“Службен весник на РМ” бр.17/1997)

## И. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа уредба се пропишува начинот и постапката за издавање на лиценци, односно одобренија за приредување на игри на среќа.

### Член 2

Постапката за издавање на лиценца ја спроведува Министерството за финансии.

### Член 3

Предлог за покренување на постапка за издавање на лиценци за постојано приредување на игри на среќа дава Министерството за финансии.

## ИИ. ЛИЦЕНЦИ

### Член 4

Јавниот оглас за издавање на лиценци за приредување на игри на среќа особено содржи:

- бројот на лиценците за постојано приредување на игри на среќа;
- времетраењето на лиценците;
- почетната цена на лиценцата, пооделно;
- валутата (домашна или странска) со која може да се вршат уплатите и исплатите од добивките кај игрите на среќа во играчниците, и
- документација со која се потврдува дека се исполнети условите за добивање на лиценца.

### Член 5

Јавниот оглас се објавува во едно од средствата за јавно информирање.

### Член 6

Понудата за добивање на лиценца се доставува во затворен плик до Министерството за финансии со назнака “за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа”.

Понудите се доставуваат преку препорачана пошта или во архивата на Министерството за финансии.

Член 7

Во понудата за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа особено треба да биде наведено:

- бројот на лиценците и видот на играта за кои се однесува понудата; и
- износот на понудата за плаќање на лиценцата.

Член 8

Кон понудата се поднесува и документација за исполнетоста на условите утврдени во член 18 од Законот, за играчница во член 42 и за автомат клубот во член 52 и 53 од Законот и тоа:

- извод од уписот во трговскиот регистар за основачите и основниот влог;
- доказ дека трговското друштво ги обезбедило просторните и техничките услови за вршење на дејноста, приредување на игри на среќа;
- доказ дека управителите на трговското друштво не се осудувани за казниви дела од областа на игрите на среќа или кривично дело од областа на стопанството.
- доказ дека ги намирило обврските кон државата дека нема блокирано жиро сметка и редовно исплатување на плати, шест месеци пред објавување на огласот, и
- правила на играта на среќа.

Доколку понудата се однесува за добивање на лиценца за играчница се доставува и:

- Правилник на играчницата, и
- доказ за висината и начинот на обезбедување средства за гарантирање на исплатата на добивките.

Член 9

Понудите кои не ги содржат елементите и документацијата од член 7 и член 8 на оваа уредба нема да се разгледуваат.

Член 10

Понудите се примаат во рок од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот оглас.

Член 11

Понудите ги отвара комисија од три члена и нивни заменици формирана од министерот за финансии.

За постапката околу отварањето на понудите се води записник, кој го потпишуваат членовите на комисијата, односно нивните заменици.

Врз основа на записникот и приложената документација кон понудата за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа, комисијата изготвува извештај.

Извештајот од став 3 на овој член и предлог лиценцата за приредување на игри на среќа се доставува до Владата на Република Македонија најдоцна во рок од 30 дена од денот на отварањето на понудите.

Член 12

Во случај на иста понуда за плаќање на лиценца предност имаат понудувачите кои имаат обезбедено посовремена опрема (автомати за игри на среќа и друга опрема во врска со приредувањето на игрите на среќа), современо уредени простории во кои се приредуваат игрите на среќа, и искуство во приредувањето на игри на среќа.

ИИИ. ОДОБРЕНИЕ

Член 13

Барањето за повремено приредување на игри на среќа и приредување на игрите на среќа "наградна игра" се доставува до Министерството за финансии.

Член 14

Кон барањето за повремено приредување на игри на среќа се доставува документација за исполнетоста на условите утврдени во член 20 од законот и тоа:

- доказ од уписот во регистарот на здруженија на граѓани;
- доказ дека обезбедило просторни и технички услови за приредување на играта на среќа;
- доказ за потребата од приредување на играта на среќа заради стекнување на средствата за финансирање на здружението, и
- правила на играта на среќа.

Кон барањето за приредување на игри на среќа наградна игра се приложува:

- доказ за упис во трговскиот регистар и
- правила на играта.

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-786/1
31 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија
Бранко Црвенковски, с.р